Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 04-180/17
10.07 20 25 год./viti
Скопје / Shkup

Влада на Република Северна Македонија

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24)), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

# ОДЛУКА

за избор на административен службеник за унапредување во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

1. Кандидатот **Климент Камнароски**, се избира за работно место УПР0101В01000 – Советник за стратегиско планирање на проекти, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, во Секторот за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.01/2025.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

0401
10.07 25
1049

## Образложение

Со Интерен оглас бр. 01/2025 за унапредување административен службеник објавен на веб страните на АППТ и Агенцијата за администрација на ден 23.06.2025 година беше огласена потребата од унапредување административени службеници. За работно место УПР0101В01000 Советник за стратегиско планирање на проекти, во Одделение за проекти и поддршка на туризмот – Струга, во Секторот за проекти, поддршка на туризмот и административно – правни работи при што за извршување на работите од точка 1, се спроведе постапка согласно членовите 48,

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

49, 50 и 51 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.11/2015 и 35/2018).

На горенаведениот Интерен оглас и работното место се пријавија двајца кандидати и по спроведувањето на севкупната постапка од страна на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, Финална ранг-листа на интервјуирани кандидати, предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, како и погоренаведеното, Директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

**Директор**
**Билјана Стефаноска**

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на АППТ